Арх.бр. 09-413/2
Дата: 27.03.2025 год.

**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

---

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Валандово |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Елена Фидански<br>Координатор за еднакви можности на мажите и жените |
| **Период на известување** | 01.01.2024-31.12.2024 |
| **Дата на поднесување на извештајот** | 27.03.2025 |

Дата,

Име и презиме (**Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**)
Перо Костадинов
27.03.2025

Потпис:

(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)

Дата,

Име Презиме (**на Раководител на сектор за еднакви можности**) :

**Потпис:**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

- ✓ **А) Позитивни**
- ✓ **Б) Охрабрувачки**
- ✓ **В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

Овој извештај е изработен согласно Законот за еднакви можности на мажите и жените и Стратегијата за родова еднаквост 2022 -2027.

Координаторката и заменик координаторката за еднакви можности на жените и мажите во заедничка соработка со МТСП и Секторот за еднакви можности и НВО секторот кој работи во сферата на родовата еднаквост изготвува Програма за активностите на општина Валандово во областа на еднаквите можности на мажите и жените ,која потоа се разгледува од Комисијата за еднакви можности и истата се усвојува на седница на Совет при што го добива својот легитимитет.

Општина Валандово преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, превзема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање на вистинско еднакво општество.

Приоритетни области и мерки во локалната заедница кои што беа активно насочени во 2024 година за воведување на родова рамноправност во усогласеност со Стратегијата за унапредување на родовата еднаквост за 2012-2017 би се издвоиле:

1. **<u>Родово одговорно образование</u>**

Сметајќи дека образованието е најчесто проактивно во поглед на намалувањето на влијанието на женската стереотипизација ,со помош на стручните служби целосно се трудиме да бидат надминати родовите разлики. Голема подршка има од Општина Валандово на Женскиот фудбалски клуб „Победа“ од Валандово копј успешно се справува со нееднаквоста во спортот посебно во фудбалот кој е нетипичен спорт за девојчиња.Општина Валандово несебично финансира проекти за подигање на свеста на граѓаните/граѓанките.

Најважна цел од овие натпревари е да се подигне свеста кај децата уште од најмала возраст дека не постојат нееднаквости помеѓу женскиот и машкиот пол.

2. **<u>Спречување на родово базирано насилство</u>**

Во рамки на настанот „Од жени до безбедни простори“ организиран е настан кој

креира безбедна и подржувачка средина за жените кои преживееле дигитално родовобазирано насилство како онлајн вознемирување, сајбер малтретирање и др форми на онлајн злоупотреба.

3. **Еднакво учество на жените во јавниот и политичкиот живот**

Координаторката за еднакви можности за мажите и жените при водење и прибирање на податоци се труди и ја согледува реалната слика за родово одговорна статистика.Ваквата статистика е од големо значење при креирање на локалните политики и програми со интегриран родов аспект. Но она што е неопходно да постои мрежен систем каде што сите релевантни институции ќе ги пополнуваат потребните податоци.Од досега постигнатото може да се констатира дека составот на Советот на Општина Валандово брои 15 члена,Претседателот на Совет е маж а советниците се 7 жени и 76 мажи и овде е постигната родова еднаквост.Структурата и составот на члековите во Управни у Надзорни одбори е исто така видно променета во корист на помалку застапениот пол низ годините а тоа се жените.

Исто така зголемен е бројот и на жени на функции како директорки на Институции и од јавен и локален карактер но исто така и зголемен е и бројот на жени претприемачки сето ова како резултат на позитивната родовобазирана структура.

4. **Подобрување на економската состојба на жените во општина Валандово и нивно економско засилување**

- Потпишување на декларацијата за унапредување на женско претприемништво помеѓу Општина Валандово и Националната платформа за женско претприемништво ги воспоставија темелите за една мошне значајна гранка за подобрување на економската состојба на жените . Со овој настан чија основа ќе биде поттик за започнување на нови бизниси за жени преку промоција на примери на добри практики ,креирање програми и создавање можности за финансиска поддршка на жените претприемачки, менторска и советодавна поддршка на жени претприемачки како и нивно вмрежување и промоција на пазари на локално и национално ниво.Во наредните години продолжуваме со формирање и реализирање на активности кои ќе овозможат унапредување на женското претприемништво во општина Валандово.Потпишувањето на Националната платформа за женско претприемништво беше споделен на општинската веб страна и на социјалните мрежи на општина Валандово.
- Продолжување на мерката за ослободување од плаќање на надоместок за престој во ЈОУДГ “Калинка“ Валандово и сите подрачни градинки како што е ЈОУДГ “Детелинка “ Јосифово за сите жители. Со донесувањето на оваа мерка значително се зголеми бројот на деца во градинките на територија на општина Валандово и ова мора да се означи како идеална мерка од родово базиран карактер бидејќи со самото тоа значително е зголемен и во иднина бројот на жени (мајки) кои навремено без големи отсуства ќе се враќаат повторно на своето работно место или воопшто на пазарот на трудот.
- Потпишани се меморандуми за соработка со Здружение на граѓани Исчекор-Општество за сите и Здружение Среќни лица за лица со попреченост формирани со цел да им се помогне токму на ранливите категории граѓани на кои општина

Валандово несебично е посветена во целиот период.Исто така потпишан е Меморандум за општествен развој ПРОЕКТ СРЕЌА. Со соработка со овие Здруженија се постигнува рамноправност, инклузија и родова еднаквост и кај најранливите категории на граѓани бидејќи и во овие Здруженија одговорно е застапен родовобазираниот модел.

5. **Социјално партнертво заради оставрување на поставените цели**

- Воспоставена е соработка со ЈУ Центар за социјална работа Валандово за добивање на податоци за листи со социјално загрозени лица и водење на нивна посебна родовобазирана статистика при обработка на податоците.
- Во рамките на проектот за грижа и помош на хронично болните граѓани и лицата со попреченост работно се ангажирани лица како негуватели за стари изнемоштени лица.Истите треба да се во секојдневна комуникација со граѓаните кои имаат потреба од помош и на истите да им се пружат основна медицинска помош и да набаваат прехрамбени продукти, средства за хигиена , лекови и сл.
- Еднократна помош зависно потребите на лицата со социјален ризик од општината со претходно уредно приложена документација.Исто така и кај овој вид на помош од страна на општината е воспоставен родовобазираниот концепт.

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

**1. Во рамки на стратешкиот преоритет 1.- Родово одговорно образование и стратешка цел: Родово одговорно образование:**

- Промоција на девојките во нетипични спортови како ЖФК Победа Валандово-подигање на свеста кај децата уште од најрана возраст за непостење на машки и женски спортови. Над 40 девојчиња на возраст од 9 до 25 години активно тренираат во ЖФК и се насочени кон промовирање на здрави животни навики.

- Анганжан на лични образовни асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес во основните училишта во општина Валандово. Како и вклученост на личен асистент во ЈОУДГ "Калинка" Валандово ,за потреба на дете со посебни потреби во истата градинка.Анализите покажуваат дека мајките се тие кои се најчесто поголем дел од денот ангажирани со децата со попреченост па затоа преку личните асистенти за ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес токму мајките имаат слободно време за извршување на свои секојдневни потреби како и за вработување , а со тоа и нивно економско јакнење.

**2.Стратешки преоритет 2- Спречување на родово базирано насилтво, со стратешка цел : Борба против родово базирано насилство, заштита и подршка на жртвит:**

- Одбележување на "Кампањата 16 дена активизам против родово базирано насилтво",потребно е поголем замав за преземање мерки и активности кои имаат за цел да ја подигнат свеста на жените и девојките во општина Валандово дека треба да се пријавуваат за било каков вид на насилтво.

**3. За Стратешки преоритет 3 – Еднакво учество на жените во јавниот и политичкиот живот и стратешка цел:Зголемено учество на жените на одлучувачките позиции во општина Валандово:**

- Зголем број на жени во Советот на општина Валандово во кој имаме родово

изедначување на мажи и жени советници.
- Зголемен е бројот на жени на функции како директорки на Институции и од јавен и локален карактер но исто така зголемен е и бројот на жени на одлучувачки позиции во рамки на Институциите, Здруженија на граѓани и жени претпиемачки сето ова како резултат на позитивната родовобазирана структура.
-Информирање и анимирање на жени од урбаната и руралната заедница за граѓанското учество во планирање на буџетот на Општина Валандово-идентификувани приоритети, потреби и активности од жените во сите населени заедници.
- Водење и прибирање на родово одговорна статистика – родовата статистика ни покажува како живеат мажите и жените , девојчињата и момчињата во сите нивни различности во едно општество.Исто така родовата статистика ни помага да оцениме дали нештата се менуваат со текот на времето и дали локалните политики резултираат со намалување на еднаквостите.

**<u>4.Во рамки на стратешкиот приоритет 4-Подобрување на економската состојба на жените и стратешка цел – Економско засилување на жените во општина Валандово:</u>**

- Со исплаќање на еднократна парична помош за новороденче се помага финансиски семејството/мајката за секое новоредно дете.
- Се исплаќа исто така паричен додаток за семејство со прваче
- Еднократно се исплаќа помош во вид на паричен надоместок за лица со попреченост.
- Реализирани обуки за принципот на еднаквост и дискриминација-Подобрување на пристапот во сите сфери во општеството,како и особено кај женскиот пол.,обука за антидискриминација во јавниот сектор и еднакви можности во локалната администрација.
- Ослободување од плаќање на надоместок за престој на деца за сите родители во ЈОУДГ “Калинка“ и “Детелинка“ на територија на општина Валандово-економска помош за родители чии деца се во предучилишна возраст.

Згрижување на поголем број на дечиња , а со тоа отварање на поголем временски простор за да можат родителите да бидат активни на пазарот на трудот и се разбира економски зајакнати.

**<u>5.Во рамки на Стратешкиот приоритет 5-Социјално партнерство заради остварување на поставените цели</u>**

- Воспоставена е соработка со ЈУ Центар за социјална работа Валандово
- Во рамките на проектот за грижа и помош на хронично болните граѓани и лицата со попреченост работно се ангажирани лица како негуватели за стари изнемоштени лица.
- Еднократна помош зависно потребите на лицата со социјален ризик од општината.
-

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за

- Број на родители ослободени од плаќање на надоместокот за партиципација во детска градинка
- Број на девојчиња и момчиња учесници во спортскиот натпревар
- Број на деца со попреченост кои поседуваат асистенти и број на асистенти вклучени во проектот кои биле активни баратели на работи
- Број на жени жртви на семејно насилство во општина Валандово
- Број на членови на мултисекторското акционо тело

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**

-Медиумски записи постојат од секој настан и дел од нив се објавуваат на страната на општината.

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС (согласно член 11 од ЗЕМ):**

- Преземени активности за изработка на родово одговорна Стратегија за еднакви можности на мажите и жените на општина Валандово
- Вклучување на мерки за спроведување на принципот на еднакви можности и родово одговорно буџетирање во неколку програми на Општина Валандово за 2024 година
- Учество на обуки за принципот на еднаквост и дискриминација, со посочување на насоки кои треба да се преземат со финансирање од страна на општината за полесен и еднаков пристап до сите граѓани.
- Иницијативи и активности се реализирани со Проектот за промоција за родово одговорни политики и родово одговорно буџетирање со поддршка на ЗЕЛС.

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Изменет е составот на членовите на Советот исто така и составот на комисиите при Советот на општина Валандово со позитивен пример и мерки за еднаква застапеност на жените и мажите на секое поле.

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

Како показатели кои се веќе погоре наведени и анализирани би ги наведеле следните:

-Број на членови на совет

-Изменети структури на членови на Управен и Надзорен одбор

- Изменети состави на комисии од најразличен вид

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

---

аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| - Составот на Советот на Општина Валандово брои 15 члена, Претседателот на совет е маж а советниците се 7 жени и 7 мажи,видно заклучуваме дека е застапена родова еднаквост.<br>- Структурата и составот на членовите во управни и Надзорни одбори е исто така видно променета во корист на помалку застапениот пол низ годините а тоа се жените.<br>-Структурата и составот на членовите на комисиите исто така се води според родовобазираниот модел. |
| 2.10. **Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**<br>Општина Валандово активно соработува со повеќе јавни установи и тоа со Центарот за социјални работи, Дом на култура 25 ти мај, Здравен дом Валандово, АВРМ подрачна единица Валандово, основните училишта на ниво на општина, средното училиште, МВР и др институции.<br>Општина Валандово активно ги подржува и соработува со невладините организации и Здруженија кои се активни на полето на еднаквите можности на мажите и жените.<br>Иницијативата за продолжување на проектот лични асистенти и образовни асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес со цел да се излезе во пресрет на родителите и учениците со попреченост вклучени со редовен образовен процес како сензитивна категорија на лица , за кои општина Валандово секогас максимално се залага. |
| **2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**<br><br>**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**<br>*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**<br>Базата на податоци со која располага ЕЛС во моментот не е разделена по пол<br><br>**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**<br>*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**<br>Во стратегијата за унапредување на еднаквите можности на мажите и жените која е во фаза на финализирање, постои увид на статистичките родови разделени податоци кои се однесуваат на населението и општинските институции во општина Валандово |

| |
|---|
| **2.12. Дали Локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во ЕЛС?**<br>Нашата општина сеуште не поседува локален акциски план за унапредување на еднакви можности.<br>Во периодот кој што следува ќе биде изработен истиот. |
| **2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**<br>**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**<br>**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**<br>**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**<br>**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**<br>Во буџетот на општината предвидени се 300.000,00 денари за остварување на активностите поврзани со Комисијата за еднакви можности |
| **2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**<br>Надлежноста и задачите на координаторката не се утврдени конкретно со актот за систематизација на работното место во ЕЛС туку со Решение за координатор издадено од Градоначалникот на општина Валандово. |
| **2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?**<br>-Обука за принципот на еднаквост и дискриминација спроведена во општина Дојран.<br><br>**Дали тој во обуките се јавил/а како:**<br>✓ **А) слушател/слушателка**<br>**Б) обучувач/обучувачка** |

| |
|---|
| 2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**<br>- Обука за принципот на еднаквост и дискриминација<br>- Обука за новиот предлог закон за еднакви можности за жените и мажите |
| 2.17. . **Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br>**Ве молиме опишете**<br>По добиените знаења од учество на обуките за еднакви можности на жените и мажите во прилична дискусија беа споделени информации со колеги од општината за тоа како и во понатамошниот период да бидат унапредени и спроведени најразлични мерки кои ќе бидат од значење за сите граѓани во подрачјето на нашата општина. |
| 2.18. **Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**<br>- Конкретни иницијативи не се доставени ,но Општина Валандово ја препознава уште поодамна потребата за обезбедување услуги на жени жртви на семејно насилство, како посебна ранлива категорија, нивна реинтеграција и рехабилитација и развива програми, активности и мерки за помош и поддршка согласно со нивните потреби.<br>- Општина Валандово е една од првите општини во РСМ која од сопствен родово одговорен буџет издвојува финансиски средства за функционирање и спроведување на активностите со цел да даде подршка на сите законски регулативи и политики.<br>- Општина Валандово е насочена кон интенгрирање на родовата перспектива во надминување на стереотипите како што се : насилство кон жените, унапредување на положбата на жените во јавниот и приватниот живот, образованието, здравството, земјоделието, правдата, социјалната сигурност, животната средина и климатските промени, спортот, културата и медиумите.<br><br>Токму овој пристап ќе го даде стратешкиот правец за понатамошниите активности во насока на унапредување на родовата еднаквост. |
| 2.19.**Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**<br>Иницијативите се секогаш прифатени од страна на Градоначалникот и за истите се планирани средства во Буџетот за 2025 година. |

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во ЕЛС текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

Сеуште владеењето на стереотипите се присутни во нашата општина во врска со еднаквоста кај мажите и жените и тоа претставува навистина голем проблем. Предизвиците со кои во иднина ќе се соочуваме ќе ги надминуваме со подршка од МТСП преку Секторот на еднакви можности.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

Како добар пример можам да истакнам дека сите предлози,иницијативи и активности за 2024 година се прифатени од страна на Градоначалникот на општина Валандово и Советот на општина Валандово.

Како примери за добра пракса можам да ги наведам:Одлуката да не се наплаќа од родителите надомест за престој во градинка на сите деца на ниво на општина Валандово ,успешноста на мерката за доделување на парична помош на мајката за секое новородено дете,за семејствата со првачe,како и за семејствата на запишување на нивните деца во прва година средно образование во нашето средно училиште и за лицата со попреченост на територија на општина Валандово се мери со број на поднесени барања и број на донесени решенија за исплата по тој основ.

Пример за добра пракса е и организирање на трибини за подигање на свеста за женското здравје, трибини за менталното здравје и други општествено одговорни настани.

Морам да напоменам дека сеуште е потребно искоренување на стереотипите кај некои населени места кој се со по неедуцирано знаење.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Повеќе од значајно е вклучување на интерсекторската група за родово одговорно креирање на локалните политики и буџетирање и истата има за задача да ги разгледува програмите и буџетите што ги изготвуваат секторите и одделенијата и да дава насоки за интеграција на родовиот аспект на истите.

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Општина Валандово континуирано ќе се посвети на реализација на активности кои се дефинирани во Програмата за активности во областа на еднаквите можности за 2025 година.

Од повеќето планирани активности би ги издвоиле ,организирање на настани во врска со меѓуврсничко насилство како и за подигање на јавната свест на граѓаните,како и подигање на свеста на руралната жена,организирање на фудбалски натпревари со девојки во основните училишта,промоција на успешни жени како

модел,јавна дебата за женско претприемништво во општината,олеснет пристап на жените до пазар на трудот и други активности кои ќе се од значење за еднаквоста помеѓу жените и мажите.
Програмата за еднакви можности на Општина Валандово е насочена кон подобрување на статутот на жените и обезбедување на континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност и борбата против дискриминација по секаков основ.Комунакицијата со граѓаните ќе биде главен извор на идеи за надминување на нееднаквата дистрибуција на општествените добра и ресурси подеднакво и кај мажите и кај жените.

## 5. КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Валандово е формирана со Одлука бр.09-876/9 на 09.11.2021 год.

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол** (5 жени и 2 мажи)
**б) Образование** (6- ВСС и 1-ССС)
**в) Етничка припадност** (македонци)
**г) Припадност на политичка партија** (3 ВМРО ДПМНЕ и 4 СДСМ)

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а)во креирање и донесување на развојна програма на ЕЛС**
**б) во донесување на буџет на ЕЛС**
**в) во давање предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности во работата на органите на ЕЛС**

Програмата за еднакви можности беше изработена од страна на координаторот и заменик координаторот на еднакви можности, со тоа што претходно им беше укажено на комисијата за еднакви можности за нивно давање на предлози и сугестии за изработка на истата.

Со согласност на комисијата беше заклучено дека Програмата е сеопфатена и потребно е нејзино реализирање во повеќето активности кои што самата ги налага.

За средствата од Буџетот на Општина Валандово,најмногу залагање и успешност имаше заменик координаторот ,каде што од освоените 200.000,00 денари од мината Програма ,сега се искачија вкупно планирани финансиски

средства во програма за еднакви можности за 2025 година од 300.000,00 денари.

**5.2. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности КЕМ ги има доставено до советот на ЕЛС?**

Утврдено е дека за да постојат родово одговорни програми во Општина Валандово потребно е да постои посебно објаснување при дефинирањето на активностите и приоритетите дефинирани во истите. Во креирањето на програмите да се вклучат што поголем број на релевантни чинители во кои се надлежни да го вметнуваат писмено родово одговорниот сегмент, бидејќи не постои препознатливост на родовата компонента во истите.

**5.3. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

Комисијата за еднакви можности на Општина Валандово има годишна програма за работа.

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Комисијата има одржано неколку состаноци

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

Во насока на следни активности круцијална е координираноста и соработката со сите актери на локално и национално ниво и без истите општината и координаторот не би постигнале толкав напредок каков што се има постигнато во последните години во сферата на родовата еднаквост и еднаквите можности на мажите и жените на ниво на држава по однос на оваа проблематика.Даваме сугестија да се зголеми ваквата соработка , како и да се воведат обуки од страна на МТСП и Секторот за еднакви можности за надградување на знаењето на советниците и вработените во општинската администрација во рамките на родова еднаквост. Од голема важност е инволвираноста на интерсекторска група при креирање на родово одговорни програми.Редовно информирање од институциите на национално и интернационално ниво на финансирање на проекти за унапредување на еднаквите можности, како и споделување на

добри практики и искуства според кои може да се преслика на некој начин позитивниот импакт од таквите проекти и пракси.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Општина Валандово согласно своите законски обврски и своите надлежности, во своето тековно работење, но и при реализација на општински проекти, секогаш го има во предвид остварувањето на принципот на родова еднаквост и еднаквите можности на мажите и жените и води сметка за еднаков третман на сите граѓани и превенција и спречување на секаков вид дискриминација.

Со донесувањето на Локалниот акционен план за еднакви можности на мажите и жените и со реализација на поголем број од предвидените активности и проекти, се докажува дека стратешкиот документ не е само процедурален документ и дека општината силно и со голем ентузијазам работи за да биде родово сензитивна општина.На повеќе идни средби со претставници од МТСП, УНДП и UN Women и UNFPA корисно е да биде разгледано што од Локалниот акционен план е реализирано  и што не е ,да бидат дадени препораки и сугестии како некои од проектите кои се предвидени да се спроведат и кои дејности да бидат вклучени во процесот. Секако секогаш е добродојдена препорака или сугестија да се подобри било кој сегмент од стратешките документи се со цел успешност и унапредување на принципот на еднакви можности. Во моментов е започната процедурата за соработка и од страна на UNFPA преку континуирано спроведување на обуки и трибини во согласност со нивните протоколи за работа.

Комуникацијата со граѓаните е главниот и базичен извор на идеи за надминување на нееднаквата алокација на општествените добра и ресурси кај мажите и жените.

Основната општествена цел на Општина Валандово вклучувајќи ги рамноправно и мажите и жените е да се стреми да ги примени основните принципи и тоа законитост, јавност, транспарентност, одговорност, отчетност и меѓу институционална соработка.

Се надевам на понатамошна успешна соработка со сите институции засегнати по овие прашања и исто така полесно надминување на истите со подршка од Министерството за труд и социјална политика.

Само на овој начин ќе се воспостави ефикасен систем на следење на буџетските алокации за родово одговорно буџетирање.